Врз основа на член 36 став (1) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со член 8 став (4) од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски („Службен весник на Република Македонија“ бр.209/2018), Советот на општина Росоман на седницата одржана на 25.04.2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За одобрување на Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски на Општина Росоман**

**Член 1**

Се одобрува Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски на Општина Росоман, изготвен од Градоначалникот на Општина Росоман во целост.

**Член 2**

Извештајот од Градоначалникот на Општина Росоман за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски на Општина Росоман е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката заедно со Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски на Општина Росоман да се објави на веб страната на општина Росоман.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Росоман“.

Бр.08-210/3
25.04.2019 година.
Росоман

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Росоман,
Маријонка Печевска с.р.